Republic of North Macedonia
Ministry of
Local Self Government

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development
and Cooperation SDC

UN
DP

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

**Почитувани граѓани,**

Општина Карпош во периодот на месец март и април ќе реализира ***Проектен Форум во заедницата*,** кој има за цел да го зајакне граѓанското учество во процесот на одлучување на локално ниво, да се подобрат партнерства помеѓу локалните субјекти и да се изнајдат поефикасни решенија за проблемите од интерес на целата заедница.

**Форумот во заедницата** е дел од компонента на проектот „**Зајакнување на општинските совети**", кој општината го реализира во партнерство и со финанасиска подршка на Швајцарската влада (преку Швајцарската агенција за развој и соработка - SDC), Министерството за локална самоуправаи Програмата за развој на Обединетите Нации – УНДП.

**Форумскиот процес ќе се реализира низ циклус од 4+1 форумски сесии, во зградата на основното училиште „Лазо Трповски" кое се наоѓа на ул. Радика, бр. 9 (Карпош III), Скопје, со почеток во 18:00 часот.**

- **I-ва форумска сесија, 01.03.2023 год. (среда);**
- **II-ра форумска сесија, 15.03.2023 год. (среда)**
- **III-та форумска сесија, 05.04.2023 год. (среда)**
- **IV–та форумска сесија, 19.04.2023 год. (среда)**
- **V-та форумска сесија, декември 2023(среда)**

Форумскиот процес е отворен за сите граѓани, кои сами ќе одлучуваат за изборот на темата, проектните идеи и предлог проектите, кои ќе се реализираат со овој проект, а воедно ќе бидат земени в предвид и во понатамошните општински активности.

Преку проектот „Форуми во заедницата" жителите на општина Карпошќе одлучат кои се приоритетите за развој на општината и кои активности може да се спроведат за подобрување на состојбата на локалната заедница. Проектите ќе се финансираат од буџет од 50 илјади долари(мин.1 – макс. 3 приоритетни проекти) од кои 20% се обезбедени од општината.

Форумот има за цел да го зајакне граѓанското учество во процесот на одлучување на локално ниво и низ еден широко транспарентен начин да обезбеди родово одговорна алокација на буџетските средства, водејќи сметка за различните потреби и приоритети на граѓаните и граѓанките.

Како дел од нашата определба за транспарентно, отчетно, законито и инклузивно практикување на локалната власт, одлучивме да го практикуваме форумот како една од најефикасните и ефективни форми на непосредно, директно граѓанско учество во одлучувачките процеси во локалната заедница,бидејќи никој подобро од **ВАС** граѓаните/ките не ги познава **ВАШИТЕ** проблеми, потреби и приоритети.

**На Форумот во заедницата може да учествуваат сите заинтересирани граѓани.**

**Општина Карпош**